[]

# ДЕСЕТЕ БАЛКАНСКИ ПРОКЛЕТСТВА




НИКОДИН ЧЕРНОДРИМСКИ

ПОЕМА ПОСВЕТЕНА НА МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЕЦОТ

[]

Слушниме
слушниме И послушај
мал човеку
мал
зошто
твојата несрека
да се родиш
на овој проколнат Балкан
те прави мал
мал
зошто во генот
го носиш проклетството
проклетството исконско
кое го носеле
И твоите
И нашите дедовци И баби
И твоите
И нашите татковци И мајки
нашите творци
проклетството да бидеме

При УМ
БЕЗУМНИ

При ОчИ
СЛЕПИ

При УШИ
ГЛУВИ

При ГОВОР
НЕМИ

При ПИСМО
НЕПИСМЕНИ

При СРЦЕ
БЕСчУСТВИТЕЛНИ

При ПРАВО
ОБЕСПРАВЕНИ

При ДОСТОИНСТВО
ЗГАЗЕНИ

При ДУША
БЕЗДУШНИ

ПРИ  ИМЕ
Б Е З И М Е Н И

2

Но
кога конечно
ке станеш голем
вејке си ги достигнал
небесните сводови
И таму
И ти
како И илјадниците други
на кои ке им се придружИш
а кои се
можеби И милиони
лутаат несрекно
лутаат нивните душИ
лутаат помегу просторот
И оваа
црна грутка земја
лутаат
барајки го она
она на кое имаа право
но други
тоа не им го дадоа
не им го дадоа
зошто така ги убедиа.

***

Бараат И лутаат
лутаат И проколнуваат
зошто можеби никогаш
никогаш
нема да го најдат
чОВЕКОТ
ЗА што беа создадени
за кое живееа
во кое се надеваа
И за кое сонуваа
И умираа.

***

Се родиа
И се родивме
како чисти суштества
но животот балкански
не извалка
И не втурна
во највалканата кал
непрашувајки не нам
дали сакаме

***

-3-

Тие
кои тврдат
дека се луге
Тие
кои веруваат
дека го нашле
чОВЕКОТ
Тие
кои своите вратови
ги китат
со бесчуствителни камења
Тие
кои своите прсти
ги украсуваат со безвредни метали
Тие
кои изградија дворци
во кои ги зазидаа
нашите судбини
Тие
кои деноноќно уживаат
во својот гламур
Тие
кои блудничат
ден И нок
нок И ден
Тие
кои пороците ги обожаваат
дојдоа И кај нас
исто како И пред
сто
двеста
пестотини______години
Дојдоа
да ни кажат
дека се избраници
кои знаат И умеат
да створат чОВЕК
Тие
кои нашите срца
ги наполнија со омраза
сега дојдоа да ни нудат
но И да наплатат
за нивната љубов
Тие
кои плукаа на гробовите
од нашите дедовци
сега дојдоа

да ги воздигнуваат
Тие
кои нашите реки И потоци
ги наполнија со крф
дојдоа сега
да ни кажат дека се сини



но никако црвени
Тие
кои постојано
ни ја отвораат рак раната
дојдоа сега
да ни ја лечат И залечат
нудејки ни мелеми И напивки
створени во адот подземен.

***

А ние
кутрите
мали И бедни
им веруваме
воздигнувајки ги како богови
фалеки ја нивната мудрост
радувајки се на нивните гадости
И Ние
како И нашите дедовци И прадедовци
не можеме да видеме
дека копилињата
на старата вавилонска блудница
добро ја научуле
тајната лекција
запишана И сокриена
некаде
во нивните дворци
запишана од нивните предци
во некоја стара книга
дека на овој балкан
нема луге
има само дива орда
која не знае каде оди
И
тие дојдоа
да ни го покажат патот
Има дива орда
која е жедна за крф
дојдоа
да ни ја зовриат крфта
во нашите вени
дојдоа
зошто се пожедни од нас

дојдоа
зошто се покрвволочни
И од нас.
Но ние тоа
мал човеку
не можеме да го разбереме
не можеме да го слушниме
не можеме да го видиме

-5-

зошто сме родени
на овој проколнат балкан
на овие високи планини
каде секоја стапка
е нечиј гроб
каде секоја капка
од изворите балкански
е солза
каде секој збор
излезен од усните балкански
е крик
или молба упатена
во небеса
но ни таму не стигнува
И никогаш нема да стигне
премногу се дуШите кои лутаат
за да се пробијат
молбите И криците земски
према небеса.

***

И сега
ние
како И наШите
дедовци И прадедовци
сега се наогаме
ни на небо
ни на земја
ни во рајот
ни во пеколот
туку во овој балкан
не знаеме
каде поглед да впериме
каде мисла да усмериме
каде чекор да пуштиме

***

Мал човеку
стоиме
здрвени И стаписани

замаени
од славопојните зборови
на блудницата
кои И нам
како И самите тие
не втурнуваат во блуд
кои тие го нарекуваат
нешто нормално
нешто секојдневно
а ние
мал човеку

-6-

зарем
не сме кутри И бедни
што неморалот
го викаме морал
што гледаме
како тие
секојдневно И секаде
на секоја педа
од нашата земја
блудничат
со нашите сестри И керки
а ние тоа
мал
но сега И кутар човеку
го нарекуваме морал
зарем се уште треба
мал И кутар човеку
тие
кои ни го украдоа сонцето
И не фтурнаа во мрак
терајки не да лутаме
при очИ слепи
барајки ја виделината
од ним
од тие
кои ни го украдоа сонцето.

***

Зарем
треба се уШте
да ги слушаме
погрдните зборови на блудницата
И И понатаму да бидеме
при ушИ глуви
уште колку зборови
треба да потечат
за да не натераат
за навистина
да почнеме да слушаме
што ни зборуваат

конечно да ги слушнеме
самофалните зборови.

***

Но ни тое
мал И кутар човеку
не го можеме
зошто сме неми
неми при говор
од бога даден
од луге земен
само молчешкум



ведејки ги изморените
И широки балкански плејки
го носиме товарот
не можејки да викнеме
премногу се високи
планиниве
но И премногу се
се дебели зидовите
на нивните дворци
за да допрат нашите лелеци
нашите молби
И
да не остават на мира
да ја изодиме
патеката на судбината
знаејки И самите
дека е таа трнлива
долга И мачна

***

А сега
мал И кутар човеку
погледај ги своите раце
погледај ги
на овие горостасни балканци
зарем тие прсти
не се прекрасни
да го пишуваат
Светото Кирилово Писмо
со кое ке ги напишат
И запишат
сите изодени
И неизодени голготи
ке ги напишат
И запишат
имињата на илјадници
имени И безимени
херои
кои се сторија прав И пепел

за овој балкан
за да не се вика див
нивните духови
се уште шетаат
шетаат И не опоменуваат
дека премногу хартија
е напишана
но премалку стигнала до ним
за да читаат И прочитаат
дека овде
на овој балкан
живеат луге
но никако орда
живеат луге кои се рагаат
И умираат исто како И тие.

-8-

Ако И понатаму слушаШ
мал И кутар човеку
послушајго барем еднаш
твоето големо срце
послушај го големото
балканско срце
кое бие ден И нок
незапирајго
кога е весело
нека чука И игра
нека игра развеселено
од свирката на гајдата
распарано од звукот на зурлата
пуштиго
нека чука на ритамот
на тапанот
радувајки се на животот
пуштиго нелка чука И кога е тажно
И кога плаче
плаче за овој балкан
плаче И рони солзи крвави
но немој
никогаш да им го дадеш
дадеш И подадеш
или подариш
на ним
нивните раце
премногу се валкани И крвави
да го земат во дламка
пуштиго нека трепери
со утрата нови
зошто со секое утринско чукање
е уште една надеж
за срцето балканско.
Отвориго И твоето срце
мал И кутар човеку
за да можеме

да им кажеме
колку љубов сме збрале
колку љубов сме дале
за овој балкан.

***

Но кога си во право
не молчИ човеку
викни И надвикајги
И кажИ им ним
дека И ти си човек
човек како И тие
И ти  како И ним имаш право
да го дишИш воздухот
да го гледаШ сонцето
да му се радуваш на животот



И да живееш на своја грудка земја
имаш
зошто си човек
И го имаш правото да живееш
но не барај го од ним
тие
го сокриле во нивните дворци
во тие темни И мувлосани подруми
небарај го
туку брани го
зошто имаш право
да бидеш човек
брани го од оние кои сакаат
да ти го земат
брани го правото да И овој балкан
го грее цонце
го дува ветар
правото овие балканци
кога им се плаче
да плачат
кога им се смее
да се смеат
кога им се пее
да пеат.

***

И кога повторно
ке посакаш
мал човеку
да ја кренИш главата
гордо И високо
зошто
повторно во тебе ке се роди
исконот

тогаш
над нашите глави
темни И црни облаци
ке се соберат
за да ја донесат
сета вавилонска злоба
И ја истурат
над овој балкан
газејки го токму тоа
на кое се повикуваат
И за кое доајгаат
тука
да не одбранат
од што
незнаејки И самите
но сепак доајгаат
газејки не
И тераки не да го свиткаме вратот.

-10-

Кутар или мал
човеку
имаш премногу благородна
премногу чуствителна
премногу голема
Душа
да ја отвориш
И им дозволиш
на ним
да погледнат што има
внатре
очите нивни
се премногу урокливи
ке ја извалкаат со поглед
чуваја
само за себе
само за твоите најблиски
тие ја заслужуваат
да им ја подариш
И отвориш
сочуствуваат
И сакаат
исто како тебе
небарај од ним
да те сакаат
тие тое не го умаеат
душата нивна
е полна
со злоба И завист
што им ја подарил
Луцифер
им ја подарил
на своите ученици

И следбеници
Затоа
покажИ им дека
умееш да го сакаш
своето
покажИ им
но не подарувај им ја
твојата балканска душа.

***

чОВЕКУ
велам човек
зошто навистина си тоа
ти имаш име
име
кое е напишано
со крфта на твоите
И нашите предци
име
со кое се гордееле



Со кое се гордееме
Со кое ке се гордеат
име
со кое
И во вселенското постоење
ке постоиме
пркосот
И инаетот
го наследивме
да пркосиме
кога не негираат
И им кажеме дека сме тука
од секогаш
инат
со кој ке им ги зголемиме
нивните изопачени фантазии
да измислат
некои нови начини
на валкање

***

Ни вековите минати
Ни вековите идни
нема да го битисаат
името светло
кое го наследивме
кое го чуваме
И ке го чуваме
затоа човеку
сега

ти гордо кренија главата
И викни со гласот
Гласот Александров
Мудроста Самоилова
Храброста Карпошова
Пркоста Илинденска
овој див балкан
се викал
се вика
И ке се вика
М А К Е Д О Н И Ј А
Оваа дива орда
не е орда
се вика
И ке се вика
М А К Е Д О Н Е Ц
Народ
кој го грее сонцето
народ
кој го дишИ воздухот балкански



Пркоси им балканецу
пркосот ке те натрера
И утре да ги отвориш очите
И повторно спознаеш
дека И понатаму си
М А К Е Д О Н Е Ц
И дека И понатаму
на овој балкан постои

М А К Е Д О Н И Ј А



Никодин Чернодримски род 1964 год во прегратките на древниот Марков Град Прилеп,уште од мали нозе кога го осознава животот започнува нестрпливо и само во негов својствен стил да ги истражува тајните на тој мистичен град,каде ехото на минатото постојано му шепотело и со секоја направена стапалка на тие стари но цврсти стени му вдахнувала сила но инспирација да започне да ги опишува,да ги опејува,и да ги овековечи тие убавини во бројните подоцнежни песни кој една по една се прават во стихозбирки.И покрај благодетот кој му го подарил животот,сепак немирниот дух на Чернодримски неможе да се скраси на едно место,после заврѓувањето на средното училиште,го напушта градот и заминува низ Македонија,каде престојува во повеќе места кратко,но сите тие кратки престојувалишта Чернодримски ги доживува на свој начин,начин кој не е секојдневен и обичен,да на крај со доаѓањето во Скопје,за само некој миг ја смири својата немирна душа и се скраси на едно место,кога веќе го започнува својот живот во Скопје Чернодримски ја запознава својата животна сопатничка Јана,неговата денонoќна муза која со своето присуство му го исполнува секој празен миг во денот и го инспирира да твори.како плод на таа долгогодишна љубов се раѓаат сега неговите две деца Кристијан и Викторија.

Во текот на својот живот Чернодримски творел,твори и ќе твори се додека во него има и најмала сила ,и како резултат од тоа творештво се создале следниве дела.

СТИХОЗБИРКИ

1.Арнаутска Жетва-стихозбирка посветена на паднатите Полицајци кај селото Араќиново 2000 год.

2.Астра-стихозбирка посветена на неговата сопруга Јана
3.Балканска Рапсодија
4.Дневникот на еден сонувач
5.Крилати Сни
6.Месечеви Сонети
7.Мој Роде
8.Мозаик од Мигови
9.На Спилите им Раскажувам
10.Осамени монолози
11.Пагански Стихови
12.Пелин Вода
13.По Патеките на Орфеј
14.Шепотот на Скриениот Дамар
15.Трагач по Илузии
16.Заборавени Спомени
17.Прилепско Ехо

ПОЕМИ

1.Ангелски Шепотења-посвете на загинатите полицајци кај селото Арачиново 2000 год
2.Браќа по Мрак-посветена на Десете илјади ослепени војници на Самоил
3.Десете Балкански Проклетства-поема посветена на Македонецот во Македонија
4.Катадневно Тркало
5.Монолог со Паметникот
6.Ново Утро

ЗБИРКА РАСКАЗИ

1.Бразда
2.Од Сонот до Јавето
3.Затворени Кругови
4.Приказни од малиот сокак

РОМАНИ

1.Кара Севда
2.Тајната на Нормандови
3.Првиот Ангел
4.Приказна која не требало да биде раскажана никогаш

ДРАМА

1.И сега шо

МОНОДРАМА

1.Ало диоген на Линија